## Политика за приватност на кандидати за вработување и посетители

За цел на реализација на постапка за вработување согласно закон (заради евиденција и реализација на права од областа на трудовото право), ХАЛКБАНК води евиденција со кандидати за вработување (збирка со лични податоци на кандидати за вработување).

Рокот за чување на личните податоци од оваа евиденција е 1 година од истекот на годината во која се реализира постапката за вработување, а истиот е утврден во корелација со Законот за работните односи, согласно документацијата за архивско работење на ХАЛКБАНК и прописите за архивски материјал.

ХАЛКБАНК за цели на евидентирање на влез/излез на посетители (контрола над влегувањето и евидентирањето на влез/излез) во дирекцијата на ХАЛКБАНК има воспоставено збирка со лични податоци на посетители. Рокот за чување на личните податоци од оваа збирка е 1 година од денот на евидентирањето на влезот/излезот, а истиот е утврден со интерните акти на банката.

Категории на корисници на кои личните податоци се откриваат

Личните податоци кои согласно закон ги обработува и води ХАЛКБАНК, може да ги открие на следните категории на корисници:

- Органи на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, во рамките на нивните овластувања и под услови утврдени во согласност со закон;
- Јавни служби согласно закон;
- Физички и правни лица кои за конкретен случај имаат статус на корисник согласно Законот за заштита на личните податоци, кој е овластен да ги обработува тие лични податоци, следејќи ги и приемнувајќи ги притоа правилата за заштита на личните податоци и прописите во однос на банкарската тајна (извршители, адвокати, нотари, УЈП...).

За сите случаи кога ХАЛКБАНК дава лични податоци на користење, води посебна евиденција, согласно Законот за заштита на личните податоци.

Кандидатите за вработување и посетителите на дирекцијата на ХАЛКБАНК своите права како субјекти на личните податоци согласно одредбите за заштита на личните податоци, можат да ги остварат на начинот опишан во делот ,,**Кои се Вашите права?“ од Политиката за приватност.**